Република Северна Македонија

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЉУБЕН ЛАПЕ“

Општина Аеродром

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Бр. 08-160/1
16.04 2024 год.
Аеродром-Скопје

# СООПШТЕНИЕ

## За запишување на ученици во прво одделение во Општинското основно училиште „Љубен Лапе", Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2024/2025 година

## ДЕЛ 1: ОПШТИ НАПОМЕНИ

- Согласно член 60 и член 61 од Законот за осново образование (Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), се нормирани постапката, начинот , условите и потребната документација за запишување на ученици во прво одделение во основно училиште.
- Запишувањето на ученици во прво одделение во ООУ „Љубен Лапе", е во месец мај и започнува на **9 мај 2024 година.**
- Запишувањето ќе се одвива **секој работен ден, во временски период од 9.00 до 14.00 часот.**
- Во прво одделение се запишуваат деца родени 2018 година кои до крајот на календарската година ќе наполнат шест години.
- Во прво одделение може да се запишат и деца родени до 31.01.2019 година, по претходно барање на родители и добиено мислење од педагог или психолог во училиштето.
- Основното училиште ги опфаќа учениците од својот реон утврден од основачот на основното училиште, односно општината.
- При запишувањето на учениците, задолжително е секој родител/старател да има уредно и читливо пополнета Пријава со комплетна документација во прилог кон Пријавата како што е наведен во Дел 2 од ова Соопштение.
- Реонски, поканети, а не дојдени ученици на опсервација заради нивно запишување во друго училиште, задолжително да достават согланост/потврда од училиштето каде се запишуваат, со цел нашето училиште да има увид во бројот на преостанати слободни места.
- Учениците кои не се евидентирани во списокот за реонизација добиен од основачот на училиштето, односно Општина Аеродром, но се со место на живеење во нашиот реон задолжително треба да приложат лична карта како доказ за адресата на живеење.Тие се запишуваат по доставената лична карта чија адреса припаѓа на нашиот реон, по првенствено запишаните учениците кои биле повикани и дојдени на опсервација.



CamScanner

## ДЕЛ 2 : ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. **Пополнета Пријава за запишување ученик во прво одделение во учебната 2024/2025 година.**
2. **Извод од матична книга на родени за детето (копија)**
3. **Лична карта или пасош, за лична индетификација на родител/старател (на увид)**
4. **Потврда за применете задолжителни вакцини за детето, издадена од надлежна здравствена установа**
5. **Потврда за стоматолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа (Поликлиника – Јане Сандански)**
6. **Потврда за офтамолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа**
7. **При запишување на дете со попреченост во прво одделение родителот/старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од Комисијата за процвенка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.**

Пријавата за запишување ученик во прво одделение во учебната 2024/2025 година може да се превземе од интернет страницата на училиштето. **oouljubenlape.edu.mk**

Документите наведени во Дел 2 од овој Оглас **треба да бидат доставени на денот на тестирањето**(опсервацијата) на Вашето дете до Комисијата за запишување на ученици во ООУ ,,Љубен Лапе", Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2024/2025 година.

Комисијата за запишување на ученици во ООУ ,,Љубен Лапе", Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2024/2025 година ќе закаже термини за тестирање(опсервација) на учениците според списокот за реонизација добиен од основачот на училиштето и ќе го објави на влезната врата и на интернет страницата на училиштето.

**ДИРЕКТОР**

**на ООУ „Љубен Лапе"**

**Фоника Станоева**